# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 6, член 21 став 1 и став 2, член 26, член 38 став 3 и став 4 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по пријава за корупција од непознат подносител, на 21-та седница одржана на ден 12 август 2019 година донесе

**О д л у к а**

Пријавата за корупција бр. 12-2651/1 од 08.05.2019 година доставена од непознат подносител СЕ ОТФРЛА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата нема надлежност да постапува во предметот со број 12-2651 од 2019 година оформен врз основа на пријавата бр. 12-2651/1 од 08.05.2019 година.

Предметот со број 12-2651 од 2019 година да се затвари и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 12-2651 од 2019 година е оформен врз основа на пријава бр. 12-2651/1 од 08.05.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од непознат подносител.

Во пријавата не се изразува сомневање за корупција, туку станува збор за изнесени ставови по однос на одржаните претседателски избори во 2019 година и коментари во врска со објави и соопштенија изнесени/прочитани во/од медиуми во врска со надлежно постапување на институции во државата.

При разгледувањето на содржината на пријавата, Државната комисија за спречување на корупцијата оцени дека во пријавата не се содржани коруптивни наводи и истата не содржи податоци за покренување на постапка од страна на Државната комисија односно, дека од наводите во поднесената пријава произлегува дека Државната комисија за спречување на корупцијата нема надлежност да постапува во конкретниот случај.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Оваа одлука е конечна и против неа не е дозволена жалба.

**Правна поука:**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Против оваа Одлука на Државната комисија за спречување на корупцијата, подносителот на пријавата може да поведе управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од приемот.

**Одлучено на ден 12 август 2019 година под бр. 12- 2651/2**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**